## Менопаузата ми заврши. Дали и покрај тоа треба да правам Пап проверки?

Да, опасноста од добивање рак на грлото на матката се зголемува со возраста. Ако било кога сте имале сексуални односи, дури и само со еден партнер, важно е да продолжите да правите Пап проверки на секои две години, дури и по завршувањето на менопаузата.

## Забележав дека имам невообичаено (ненормално) крварење

Ако имате било какво невообичаено крварење или исцедок од вагината, појдете кај вашиот лекар колку што е можно поскоро.

## Не се сеќавам кога последен пат сум правела Пап проверка

Вашиот лекар или здравствената клиника можеби имаат систем што ќе ве потсетува кога ви е време да ја направите следната Пап проверка. Секоја држава и територија има регистар каде што се бележат резултатите од вашата Пап проверка. Кога ќе ви измине времето за следната Пап проверка, или за лекување, ќе ви биде испратено писмо за да ве потсети. Ако не сакате вашите информации да се запишуваат во регистерот или ако не сакате да добивате писма за потсетување, кажете му на вашиот лекар.

## Каде можам да направам Пап проверка?

Можете да закажете преглед кај вашиот лекар, кај медицинската сестра или во клиника за планирање на семејството во вашето локално подрачје. Може да побарате Пап проверката да ви ја направи лекар што е жена, или медицинска сестра. Ако сакате да биде присутен преведувач, кажете го тоа кога ќе го закажувате прегледот. Исто така е во ред ако сакате со себе да поведете пријател или член на семејството.

## Имам слушнато за новата вакцина што може да ја спречи појавата на рак на грлото на матката

Да, може да се добие вакцина што може да го спречи заразувањето со типовите на вирусот HPV што се причинители во најголемиот број случаи на рак на грлото на матката. Вакцината е одобрена во Австралија за жени на возраст од 9 до 26 години.

Во склоп на Националната програма за вакцинирање може да се добие бесплатна вакцина против вирусот HPV.

Најдобро е кога вакцината им се дава на младите луѓе пред да почнат тие да имаат сексуални односи. Вакцината е наменета да ја спречи појавата на рак на грлото на матката кај идните генерации жени. Ако сте на возраст меѓу 12 и 26 години, или ако имате ќерка на возраст меѓу 12 и 26 години, зборувајте со вашиот лекар за примање на вакцината.

Сепак и понатаму ќе биде многу важно да се прават редовни Пап проверки, бидејќи вакцината заштитува само од некои типови на вирусот HPV кои предизвикуваат рак на грлото на матката.

**И понатаму е многу важно да се прават редовни Пап проверки, бидејќи вакцината против вирусот HPV не штити од сите типови на вирусот HPV што предизвикуваат рак на грлото на матката.**

Повеќе информации за вирусот HPV и за вакцинирањето може да се добијат од местото на интернет на Австралиската програма за вакцинација (Immunise Australia Program) на **www.immunise.health.gov.au**

**Најдобра заштита од појавата на рак на грлото на матката е редовно да се прават Пап проверки на секои две години.**

**За повеќе информации** за правењето Пап проверки, или ако сакате да ги обновите или отстраните вашите поединости од регистарот за Пап проверки во вашата држава или територија, телефонирајте на **13 15 56** (по цена на локален повик).

Ако ви е тешко да разговарате на англиски јазик, телефонирајте во Преведувачка служба на **13 14 50** и тие ќе ви помогнат. Цената на тој повик е иста како цената за локални телефонски повици.

Исто така може да го посетите и нашето место на интернет на **www.cancerscreening.gov.au**

MACEDONIAN



# Кога последен пат сте направиле Пап проверка?

**Повеќето случаи на појава на рак на грлото на матката би можеле да се спречат кога секоја жена би правела Пап проверка на секои две години**

National Cervical Screening Program

A joint Australian, State and Territory Government initiative

НЕ БАРАЈТЕ ОПРАВДАНИЈА, ЗАКАЖЕТЕ ПРЕГЛЕД

## Што е тоа Пап проверка?

Пап проверката е едноставна проверка со која се прегледува здравјето на грлото на вашата матка. Грлото на матката е отворот на матката, и се наоѓа на крајот на вашата вагина (погледнете ја сликата подолу).

Пап проверката трае само неколку минути и не е болна.

Правењето на Пап проверки на секои две години е најдобриот начин да се спречи појавата на рак на грлото на матката.




## Зошто треба да се прават Пап проверки?

Пап проверката може да ги покаже раните знаци за предупредување при рак на грлото на матката. Понекогаш клетките од грлото на матката се менуваат од здрави во нездрави (ненормални). Со Пап проверката може да се откријат ненормалните клетки пред да се развие ракот.

## Што го предизвикува ракот на грлото на матката?

Заразата со вирусот наречен HPV (human papillomavirus – човечки папилома вирус) е причината за речиси сите случаи на рак на грлото на матката. Постојат повеќе од 100 различни типови на вирусот HPV. За два од тие типови е познато дека го предизвикуваат најголемиот број на случаи на рак на грлото на матката во Австралија.

Вирусот HPV е многу чест. Повеќето луѓе (четворица од петмина) ќе го имаат вирусот HPV во некој период од својот живот. Секое лице што било кога имало сексуални односи може да го има вирусот HPV.

Во повеќето случаи, вирусот HPV исчезнува сам од себе за неколку години. Понекогаш вирусот може да остане во вашето тело подолго, и може да доведе до рак на грлото на матката. За тоа обично е потребно долго време – околу 10 години.

Со Пап проверка на секои две години може да се откријат промените на клетките што ги предизвикува вирусот HPV пред да се претворат во рак. Вашиот лекар, медицинска сестра или здравствен работник потоа може да се погрижи вашата здравствена состојба да се надгледува и да добиете лекување ако тоа ви е потребно, за да останете здрави.

## На кого му е потребна Пап проверка?

Сите жени на возраст од 18 до 70 години кои било кога имале сексуални односи треба да прават Пап проверка на секои две години. Дури и ако сте имале сексуални односи само со вашиот сопруг и со никој друг, сепак треба редовно да правите Пап проверки.

## Што ако ми е направена хистеректомија (оперативно отстранување на матката)?

Можеби сепак е потребно да правите Пап проверки, во зависност од видот на оперативниот зафат што ви бил направен. Разговарајте со вашиот лекар, медицинска сестра или здравствен работник за тоа што е најдобро за вас.

## Како се прави Пап проверката?






## Еве како изгледа тоа ...

Прво лекарот ќе ви рече да се соблечете од половината надолу и да легнете на грб за да ве прегледа. Може да побарате лекарот да биде жена. Потоа лекарот ќе употреби спекулум (медицински инструмент) за да ја отвори вагината и да може подобро да ви го види грлото на матката.

Потоа од грлото на вашата матка ќе бидат нежно собрани неколку клетки со помош на мала четка или спатула (мало пластично или дрвено стапче). Клетките се ставаат на стаклена плочка и се испраќаат во лабораторија каде што ќе бидат испитани под микроскоп.

## Какво е чувството?

Понекогаш Пап проверката може да биде малку непријатна. Запомнете, за лицата што ја вршат проверката, тоа е само дел од нивната секојдневна работа и ним не им е непријатно.

Постапката може да биде малку неудобна, но не би требало да боли. Ако боли, кажете му го тоа веднаш на вашиот лекар, медицинска сестра или здравствен работник.

## Што е со резултатите?

Кога ќе направите Пап проверка, важно е да го прашате вашиот лекар кога и како ќе ги дознаете резултатите.

**Повеќето резултати се нормални**

## Што ако моите резултати не се нормални?

Ако вашите резултати не се нормални, тоа не значи дека имате рак. Најверојатно имате нешто едноставно, на пример некое воспаление што само од себе ќе помине.

Понекогаш за некои жени може да биде потребно почесто да прават Пап проверки. Некои видови на ненормални клетки може да треба да ги лекува лекар специјалист. Секако поразговарајте со вашиот лекар, медицинската сестра или здравствениот работник за тоа што е најдобро за вас.